ОПШТИНА КУМАНОВО
Сектор за инспекциски надзор - Инспекторат

# ПОЛУ ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА НА СЕКТОР ЗА ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР-ИНСПЕКТОРАТ ВО ОПШТИНА КУМАНОВО ЗА ПЕРИОД ЈАНУАРИ - ЈУНИ 2023 ГОДИНА

| | | | |
|---|---|---|---|
| Дел. Бр. | 28-740 | | Бобан Бојковски<br>[име и презиме] |
| | | | Сектор за инспекциски надзор – Инспекторат |
| Датум: | 30.06.2023 година | | Раководител на одделение<br>[функција / звање на раководител на инспекциска служба] |
| Место: | Куманово | (м.п.) | <br>[потпис] |

## РЕЗИМЕ

Врз основа на член 35 од Законот за инспекциски надзор („Сл.весник на РСМ" бр.102/19), а согласно Правилникот за формата и содржината на извештајот за работа на инспекциската служба за претходните шест месеци и на годишниот извештај за работа на инспекциските служби („Сл.весник на РСМ" бр.238/19), изработен е овој полу годишен извештај за период Јануари - Јуни 2023 година.

Инспекцискиот надзор во Општина Куманово се врши преку Секторот за инспекциски надзор - Инспекторат и овластените инспектори на општината. Инспекцискиот надзор се вршеше во секоја област поединечно за која е надлежна општината, согласно Законот за инспекциски надзор, како и законите од кои произлегуваат лиценците за инспекциски надзор на општинските инспектори.

Во изминатиот период инспекцискиот надзор и контрола над субјектите, правни и физички лица се вршеше согласно одредбите од: Законот за градење; Закон за градежно земјиште;Закон за јавна чистота;Закон за комунални дејности; Закон за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадниводи;Закон за зеленило; Закон за определување на имиња на улици, плоштади, мостови и други инфраструктурни објекти; Закон за гробишта и погребални услуги; Закон за управување со отпадот; Закон за домување; Закон за превоз во патниот сообраќај; Закон за животната средина; Закон за водите; Закон за заштита од бучава во животната средина; Закон за квалитет на амбиенталниот воздух; Закон за управување со пакување и отпад од пакување; Закон за управување со батерии и акумулатори и отпадните батерии и акумулатори;Закон за управување со отпад; Закон за управување со посебни токови на отпад; Законот за таксата за привремен престој; Закон за угостителска дејност, Закон за туристичка дејност и Закон за вршење на занаетчиската дејност; Законот за основно, Закон за средно образование, Закон за ученички стандард, Закон за заштита на децата, Закон за наставници и стручни соработници, Закон за просветна инспекција Закон за инспекциски надзор; Закон за општа управна постапка; Закон за постапување по предлози и претставки; Закон за прекршоци; Кривичен законик; Закон за локална самоуправа; Закон за администрација;Закон за меѓуопштинска соработка; Подзаконски акти донесени од надлежните министерства и Советот на Општина Куманово.

При вршењето на инспекцискиот надзор, инспекторите постапуваат согласно Уставот, законите и други прописи донесени согласно закон. Инспекторите го вршат инспекцискиот надзор со цел за остварување и заштита на јавниот интерес, како и интересот на физичките и правните лица кога тоа е во согласност со јавниот интерес. Инспекторите во вршењето на инспекцискиот надзор обезбедуваат еднаква, законита, непристрасна и објективна примена на законите и другите прописи. Инспекцискиот надзор го вршат во пропишаните рокови во првостепената и второстепената постапка, како и во роковите определени со судските органи. Инспекторите се самостојни при вршење на инспекцискиот надзор и одлучувањето за дејствијата кои треба да се превземат при вршење на надзорот, како и за мерките кои ќе бидат изречени по извршениот надзор. При вршење на инспекцискиот надзор, доколку постојат недостатоци, инспекторите ги превземаат само оние инспекциски мерки согласно со закон, кои се неопходни за отстранување на утврдените недостатоци при извршениот надзор, при што особено се внимава да не се попречува ефикасното функционирање на субјектот на надзорот. Инспекторите по службена должност ја утврдуваа фактичката состојба и изведуваа докази во постапката на инспекцискиот надзор. При определување на инспекциските мерки и рокот за отстранување на утврдените недостатоци, инспекторите се водеа од тежината на недостатокот, штетните последици предизвикани кон јавниот интерес или интересот на трети лица, како и времето кое е потребно субјектот на надзорот да ги отстрани утврдените недостатоци. При вршење на инспекцискиот надзор каде што е тоа можно, инспекторите првенствено вршеа превентивна функција, а изрекуваа инспекциски

мерки и санкции тогаш кога со превентивната функција не можеше да се обезбеди целта на надзорот.

Согласно методологијата за вршење на инспекциски надзор од страна на Инспекцискиот совет на Република Северна Македонија улогата на инспекторот не е само вршење инспекциски надзор туку воедно и зголемување на свесноста и информираноста на субјектите на надзор, со цел да се постигне повисоко ниво на усогласеност со законската регулатива опишано како „начело на превенција„, односно промоција на принцип на доброволна усогласеност со законските барања.

Одговорниот и ефективен регулаторен систем ги користи инспекциските надзори за прибирање на податоци и од нивна анализа добива информации за усогласеноста на субјектите на надзор со законска регулатива, а потоа и ги користи тие инфомации за пронаоѓање на главни причини кои допринесуваат за ниското ниво на усогласеност.

## УПРАВУВАЊЕ СО РИЗИЦИ

Модерните инспекциски системи се стремат да постигнат доброволна усогласеност со имплементирање на принципите за управување со ризици во самиот процес на инспекцискиот надзор. Управување на ризици значи насочување на ресурсите на инспекцијата онаму каде ризикот за сериозни неправилности е најголем, воедно користејќи минимум потребно ниво на интервенција за да се обезбеди усогласеност.

Се вршеше надзор над превозниците, на пазарите и спречување на продавање на земјоделски производи и стоки надвор од местата определени за тоа.

Голем ризик при вршењето на инспекцискиот надзор, односно при започнување на инспекцискиот надзор, преставуваше и уредната достава на известувањата за вршење на инспекциски надзор (најмногу кај физичките лица), како и поканите за странки за вршење на инспекциски надзор (кај физички лица). Ова е од причина што странките или не ги подигнуваа доставените акти по пошта на шалтерите на Македонски Пошти Куманово или пак одбиваа лично да го примат известувањето/поканата. Но сепак од страна на инспекторите беа вложувани напори за реализација на уредна достава, согласно Законот за општата управна постапка и Законот за инспекциски надзор. Ова сето имаше влијание на одолговлечување на инспекциските постапки. Тука како ризик можеме да го спомнеме и неусогласеноста на материјалните закони по кои постапуваат овластените инспектори, со Законот за прекршоци, Законот за инспекциски надзор и Закон за општа управна постапка.

Во изминатиот период исто така како ризик за вршење инспекциски надзор беше и недостатокот на човечки ресурси – инспектори во поедини области, а посебно откако почна да се применува Законот за инспекциски надзор каде инспекторот може да врши инспекциски надзор само во областа за која добил лиценца. Одредени области на инспекциски надзор се покриени со инспектори со звање помало од Советник со што им е и ограничено дејствување и донесување на акти согласно утврдените коефициенти на сложеност при инспекциски надзор.

Како ризик кој е присутен е недопрецизирана, нејасна постапка за извршувањето на решенијата на инспекторите. Жалбените постапки го обременуваа процесот и ја одолговлечуваа постапката на извршување на актите.

Проценката на ризик за вршење инспекциски надзор кај субјектите на надзор сеуште не е добро дефинирана во различните области на инспекцискиот надзор и ќе биде потребна подолготрајна анализа на субјектите за да се одреди нивото на ризик (високо, средно и ниско).

## ОРГАНИЗАЦИЈА И РАКОВОДЕЊЕ

Согласно Правилникот за систематизација на работни места на општинската администрација во Општина Куманово, инспекциската служба е организирана како Сектор за инспекциски надзор - Инспекторат, со раководител на одделение за инспекциски надзор во урбанистичко градежна и комунална дејност, животна средина и угостителско-туристичка дејност и овластени инспектори за одредени области и тоа:

- Виш инспектор за животна средина - 1 извршител;
- Советник инспектор општински градежен инспектор - 4 извршители
- Советник инспектор општински комунален инспектор - 4 извршители;
- Помлад комунален инспектор - 3 извршители;
- Советник инспектор општински инспектор за патен сообраќај - 1 извршител;
- Помошник инспектор за домување - 1 извршител;
- Советник инспектор општински просветен инспектор - 1 извршител;
- Советник инспектор Општински инспектор за угостителско туристичка дејност – 1 извршител;
- Самостоен инспектор за угостителско туристичка дејност – 1 извршител;
- Советник инспектор – Општински инспектор за заштита на животната средина;
- Помлад инспектор за заштита на животната средина;
- Комунални редари - 4 извршители;
- Еден кандидат Помлад комунален инспектор, еден кандидат помлад инспектор за патен сообраќај;

Моментална состојба во Секторот за инспекциски надзор - Инспекторат во Општина Куманово согласно правилникот за систематизација на работни места на општинската администрација се дадени во табелите подолу.

Во месец Ноември 2022 година е потпишан нов договор за меѓуопштинска соработка за спроведување на инспекциски надзор помеѓу Општина Куманово и Општина Старо Нагоричане од областа на Законот за градење, Закон за патишта, Законот за превоз на патниот сообраќај и Закон за животна средина, но поради тоа што во Секторот за инспекциски надзор во Општина Куманово нема лиценциран општински инспектор за патишта, оваа област од договорот нема да биде покриена со инспекциски надзор во наредниот период.

Табела 1Преглед на бројот на инспектори кои врш*еле* инспекциски надзор по вид, возраст и звање

| Вид | Инспектор за патен сообраќај | | | | | | Комунален инспектор | | | | | | Градежен инспектор | | | | | | Инспектор за животна средина | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Ниво-Звање/Возраст | <30 г. | 31-40 г. | 41-50 г. | 51-60 г. | >60 г. | Вкупно | <30 г. | 31-40 г. | 41-50 г. | 51-60 г. | >60 г. | Вкупно | <30 г. | 31-40 г. | 41-50 г. | 51-60 г. | >60 г. | Вкупно | <30 г. | 31-40 г. | 41-50 г. | 51-60 г. | >60 г. | Вкупно |
| Б1 – генерален инспектор | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Б2 – главен инспектор | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Б3 – пом. главен инспектор | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Б4 – виш инспектор | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | 1 | | 1 |
| В1 – советник инспектор | | 1 | | | | 1 | | 3 | | 1 | | 4 | | 1 | | 3 | | 4 | | 1 | | | | 1 |
| В2 – самостоен инспектор | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| В3 – помошник инспектор | | | | | | | | 2 | | 1 | | 3 | | | | | | | | | | | | |
| В4 – помлад инспектор | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | 1 | | | | 1 |
| Вкупно | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **1** | 0 | 5 | 0 | 2 | 0 | **7** | 0 | 1 | 0 | 3 | 0 | **4** | 0 | 2 | 0 | 1 | 0 | **3** |

| Вид | Инспектор за домување | | | | | | Инспектор за туристичко угостителска дејност | | | | | | Инспектор за воспитно образовна дејност | | | | | | Инспектор за даноци | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Ниво-Звање/Возраст | <30 г. | 31-40 г. | 41-50 г. | 51-60 г. | >60 г. | Вкупно | <30 г. | 31-40 г. | 41-50 г. | 51-60 г. | >60 г. | Вкупно | <30 г. | 31-40 г. | 41-50 г. | 51-60 г. | >60 г. | Вкупно | <30 г. | 31-40 г. | 41-50 г. | 51-60 г. | >60 г. | Вкупно |
| Б1 – генерален инспектор | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Б2 – главен инспектор | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Б3 – пом. главен инспектор | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Б4 - виш инпектор | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| В1 – советник инспектор | | | | | | | | 1 | | | | 1 | | | 1 | | | 1 | | 0 | | | | 0 |
| В2 – самостоен инспектор | | | | | | | | 1 | | | | 1 | | | | | | | | | | | | |
| В3 – помошник инспектор | | 1 | | | | 1 | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| В4 – помлад инспектор | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Вкупно | 0 | 1 | 1 | 0 | 0 | **1** | 0 | 2 | 0 | 0 | 0 | **2** | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | **1** | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **0** |

Табела 2. Преглед на нови вработувања и пензионирања на инспектори

| Вид | Инспектор за домување | | Просветен инспектор | | Инспектор за даноци | | Инспектор за туристичко угостителска дејност | | Градежен инспектор | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Ниво-Звање/Возраст | Враб. | Пенз. | Враб. | Пенз. | Враб. | Пенз. | Враб. | Пенз. | Враб. | Пенз. |
| Б1 – генерален инспектор | | | | | | | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Б2 – главен инспектор | | | | | | | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Б3 – пом. глав. инспектор | | | | | | | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Б4 – виш инспектор | | | | | | | 0 | 0 | 0 | 0 |
| В1 – советник инспектор | | | | | | | 0 | 0 | 0 | 0 |
| В2 – самостоен инспектор | | | | | | | 1 | 0 | 0 | 0 |
| В3 – помошник инспектор | | | | | | | 0 | 0 | 0 | 0 |
| В4 – помлад инспектор | | | | | | | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Вкупно | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |

| Вид | Комунален Инспектор | | Инспектор за животна средина | | Инспектор за патен сообраќај | | ВКУПНО | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Ниво-Звање/Возраст | Враб. | Пенз. | Враб. | Пенз. | Враб. | Пенз. | Враб. | Пенз. |
| Б1 – генерален инспектор | | | | | | | 0 | 0 |
| Б2 – главен инспектор | | | | | | | 0 | 0 |
| Б3 – пом. глав. инспектор | | | | | | | 0 | 0 |
| Б4 – виш инспектор | | | | | | | 0 | 0 |
| В1 – советник инспектор | | | | | | 0 | 3 | 0 |
| В2 – самостоен инспектор | | | | | | | 1 | 0 |
| В3 – помошник инспектор | | | | | | | 0 | 0 |
| В4 – помлад инспектор | 1 | 0 | | | 1 | | 4 | 0 |
| Вкупно | 1 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 2 | 0 |

Во овој период 6 кандидати инспектори се здобија со лиценци за вршење на инспекциски надзор, а двајца административни службеници станаа кандидати инспектори.

## ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР

Во овој дел даден е приказ на извршените инспекциски надзори за секоја област – општински инспектор, поединечно. Инспекцискиот надзор е спроведен согласно утврдените коефициенти на сложеноста, а коефициентот на сложеноста е утврден врз основ на следниве критериуми:

- услови во кои се врши инспекциски надзор и изложеноста на инспекторот на можни влијанија врз неговото здравје и живот;
- број на субјекти кои се предмет на инспекциски надзор;
- број на прописи врз основа на кои се врши инспекциски надзор
- потребно време за вршење на инспекциски надзор,

Според нивото, инспекторот може да врши инспекциски надзор со коефициент на сложеност како што следува:

1. инспектор со ниво Б1 и Б2 - коефициент на сложеност Q5;
2. инспектор со ниво Б3, Б4 и В1 - коефициент на сложеност Q4 и Q5;
3. инспектор со ниво В2 - коефициент на сложеност Q3 и Q4;
4. инспектор со ниво В3 - коефициент на сложеност Q2 и Q3;
5. инспектор со ниво В4 - коефициент на сложеност Q1 и Q2;

### 1. Инспекција за патен сообраќај

Појдовна основа за вршење на инспекциски надзор во оваа област е Законот за превоз во патниот сообраќај и подзаконските акти донесени врз основа на овој закон, како и уредбите донесени во вонредна состојба.

Согласно горе наведениот закон, инспекторот за патен сообраќај од Секторот за инспекциски надзор во овој период, вршеше инспекциски надзор над:

- Превозниците кои вршат авто-такси превоз на територија на Општина Куманово.

| **Коефициент на сложеност за Инспекција за патен сообраќај** | |
|---|---|
| *Коефициент:* | *Краток опис на дејствијата при инспекцискиот надзор и донесени инспекциски акти* |
| Q1 | 1.1. Записник за извршен инспекциски надзор – без прекршок (наод) |
| Q2 | 2.1. Записник за инспекциски надзор со наод (прекршок) и изрекување на Опомена<br>2.2. Контролен записник по изрекување на опомена, без наод |
| Q3 | 3.1 Записник/контролен записник за инспекциски надзор со наод (прекршок) и изрекување на решение со задолжување<br>3.2 Записник/контролен записник со утврден наод и спроведување на постапка за порамнување, по која субјектот на надзорот ја платил глобата |

| | |
|---|---|
| Q4 | 4.1. Записник/контролен записник со утврден наод и спроведување на постапка за порамнување, по која субјектот на надзорот не ја платил глобата, следува Барање за поведување прекршочна постапка пред прекршочен орган во МТВ или надлежен суд,<br>4.2. По донесување на решение, жалба до Државна комисија во втор степен за инспекциски надзор и прекршочна постапка, одговор на жалба и други акти понатаму<br>4.3. Жалба по пресуда од надлежен суд и одговор на жалба, како и други акти понатаму |
| Q5=5 | 5.1.1. Записник за извршен инспекциски надзор со наод (прекршок) по кој следи решение за времено одземање на возило, спроведување на постапка за порамнување, доколку не плати глоба следува Барање за поведување прекршочна постапка до прекршочна комисија или надлежен суд, решение за трошоци во постапката<br>5.1.2. По предходното може да следи и жалба/тужба на решение/пресуда, одговор на жалба/тужба и други акти кои следуваат<br>5.2.1. Записник за извршен инспекциски надзор со наод (прекршок) по кој следи предлог до Градоначалник за одземање на лиценца/дозвола, спроведување на постапка за порамнување, доколку не плати глоба следува Барање за поведување прекршочна постапка до прекршочна комисија или надлежен суд<br>5.2.2. По предходното може да следи и жалба/тужба на решение/пресуда, одговор на жалба/тужба и други акти кои следуваат<br>5.3.1. Записник за извршен инспекциски надзор со наод (прекршок) по кој следи предлог до Градоначалник за времено одземање на лиценца/извод од лиценца, спроведување на постапка за порамнување, доколку не плати глоба следува Барање за поведување прекршочна постапка до прекршочна комисија или надлежен суд<br>5.3.2. По предходното може да следи и жалба/тужба на решение/пресуда, одговор на жалба/тужба и други акти кои следуваат<br>5.4.1. Записник за извршен инспекциски надзор со наод (прекршок) по кој следи решение за исклучување на возило од сообраќај со одземање на сообраќајна дозвола, потврда за одземен предмет, спроведување на постапка за порамнување, доколку не плати глоба следува Барање за поведување прекршочна постапка до прекршочна комисија или надлежен суд<br>5.4.2. По предходното може да следи и жалба/тужба на решение/пресуда, одговор на жалба/тужба и други акти кои следуваат |

Инспекторот за патен сообраќај во рамките на своите овластувања и надлежности утврдени со законот, континуирано соработуваше со сите одделенија и сектори во Општина Куманово и органите на државно ниво, пред сè со МВР-СВР Куманово и Државниот инспекторат за транспорт.

Вонредните надзори утврдени во месечните планови за работа, повремено претрпуваа измени затоа што инспекцискиот надзор над превозот се врши во присуство на полициски службеници од ПС за БПС при СВР Куманово (запирање и контрола на возилата и возачите). Во зависност од активностите и расположивите човечки ресурси на ПС за БПС при СВР Куманово се реализираше вршењето на вонредниот инспекциски надзор над превозот.

Табела 3.1. Преглед на вкупен број на откриени неправилности и спроведени инспекциски надзори според вид

| Реден бр. | Општина Куманово 1 извршител | Вид на надзор | | | Вкупно надзори | Вкупно неправилности |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Редовен надзор | Вонреден надзор | Контролен надзор | | |
| 1 | Инспектор за патен сообраќај | 0 | 25 | 0 | 25 | 25 |

Врз основа на извршените инспекциски надзори и утврдените неправилности, од страна на инспекторот за патен сообраќај поведени се 12 прекршочни постапки. Во овој период беше вршена контрола за редовност на автобуски линии и беа извршени 117 проверки за редовност на автобуските патни линии. Месечните извештаи се доставуваа до Сектор за комунални работи, инфраструктура, сообраќај и заштита на животната средина и природата.

## 2. Комунална инспекција

### 2.1 Комунален инспектор

Појдовна основа за вршење на инспекциски надзор во оваа област се следните прописи: Закон за комунални дејности, Закон за јавна чистота, Закон за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води, Закон за гробишта и погребални услуги, Закон за зеленило, Закон за определување на имиња на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објекти, Закон за управување со отпад, Закон за управување со пакување и отпад од пакување, како и подзаконските акти произлезени од овие закони и уредбите донесени во вонредна состојба.

Согласно горе наведените закони, комуналните инспектори од Секторот за инспекциски надзор, , вршат инспекциски надзор над Јавното комунално претпријатие и над физички и правни лица и тоа:

- одржување на јавната чистота на јавни и сообраќајни површини (миење и метење на јавни површини согласно Годишната Програма за одржување на јавна чистота на давател на услуга ЈП Чистота и Зеленило);
- одржување на јавно зеленило и паркови согласно со Годишната Програма за одржување на јавни и зелени површини (на давател на услугата ЈП Чистота и Зеленило);
- одржување на јавни површини на отворени простори;
- отстранување на хаварисани возила од јавни површини;
- одржување на водоснабдителен систем со вода за пиење од страна на давателот на услугата ЈП Водовод;
- одржување на канализациониот систем од страна на давателот на услугата ЈП Водовод;
- управување и одржување на градски гробишта од страна на давателот на услугата ЈП Чистота и Зеленило;
- вршење на погребални услуги од страна на правни лица со добиена дозвола за вршење на погребални услуги;

- одржување на Градските пазари од страна на ЈП Пазариште како давател на услуга;
- неконтролирано оставање, фрлање напуштање спалувањена отпадот од страна на правни и физички лица;
- инспекциски надзор над физичките и правни лица како корисници на комуналните услуги;
- вршење инспекциски надзор по добиени писмени и усни иницијативи за инспекциски надзор од физички и правни лица;
- надзор во време на вонредна состојба.

Комуналните инспектори во рамките на своите овластувања и надлежности утврдени со законот, континуирано соработуваа со сите одделенија и сектори во Општина Куманово и органите на државно ниво, пред сѐ со МВР-СВР Куманово и со Против пожарната единица Куманово.

| Коефициент на сложеност за Комунална инспекција | |
|---|---|
| Q1 | 1.1 Записник за извршен инспекциски надзор,(без наод:) |
| Q2 | 2.1 Записник за извршен инспекциски надзор со прекршок (наод),решение,Записник за извршен инспекциски надзор без наод со други акти |
| Q3 | 3.1 Контролен инспекциски надзор по решение ,постапка по неизвршување на издадено решение ,издавање на платен налог |
| Q4 | 4.1 Контролен инспекциски надзор не постапува по решение,не постапува по извршеното порамнување (не го плати издадениот прекршочниот платен налог) следува БППП,до надлежен орган |
| Q5 | 5.1 Записник за извршен инспекциски надзор со прекршок,постапка за порамнување не постапува по извршеното порамнување(не го плати издадениот прекршочен платен налог),следува БППП,до надлежен орган за одлучување,жалба противрешениена суд и до второстепен орган и други акти |

Табела 3.2. Преглед на вкупен број на откриени неправилности и спроведени инспекциски надзори според вид

| Реден бр. | Општина Куманово 5 извршитела | Вид на надзор | | | Вкупно надзори | Вкупно неправилности |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Редовен надзор | Вонреден надзор | Контролен надзор | | |
| 1 | Комунален инспектор | 73 | 72 | 34 | 179 | 69 |

Врз основа на извршените инспекциски надзори и утврдените неправилности, од страна на комуналните инспектори донесени се 69 решенија со утврдени неправилности, на кои им беше наложено да во соодветен законски рок ги отстранат посочените неправилности. Од страна на комуналните инспектори беа изречени 9 глоби за прекршоци направени од страна на субјекти на надзор. Извршен е увид на 6 пријави за прекопи на јавно прометни површини.

### 2.2. Комунални редари

Појдовна основа за вршење на контрола од страна на комуналните редари за овој период се следниве прописи: Закон за комунални дејности, Закон за јавната чистота, Одлука за комунален ред и мерки за нејзино спроведување во Општина Куманово, Одлука за јавната чистота во Општина Куманово и други законски и подзаконски акти, како и измени и дополнувања на наведените.

Комуналните редари вршеа редовна контрола на терен, соработуваа со другите инспекции во рамките на Секторот за инспекциски надзор, каки и другите одделенија и сектори во Општина Куманово, како и другите органи на државно и локално ниво.

Во тек на изминатото полугодие, комуналните редари вршеа опоменување и укажувања на продавачите, кои продаваат на места кои не се определени од општината за таа намена, на корисниците на јавно-прометните површини за поставување на урбана опрема, на физичките лица во однос на оставање отпад и градежен шут на јавна површина, отстранување на хаварисани возила, приколки и работни машини од јавна површина. Усмено беа опоменати 198 прекршители на јавната чистота и писмено се опоменати 16 физички лица. Од страна на комуналните редари беа изречени 16 прекршочни платни налози за физички лица.

Како значаен проблем во извршување на своите работни задачи од страна на комуналните редари беше и останува проблемот со легитимирање на физички лица. Имено само во поединечни случаи прекршителите на јавна чистота се легитимираа и кон нив се превземени законските акти додека поголем број од прекршители не сакаат да се легитимираат и си заминуваат од местото на увидот.

Од страна на комуналните редари се врши секојдневна контрола на ЈП Чистота и Зеленило за спроведување на план за одржување на јавна чистота и план за одржување на зеленило на јавно прометни површини.

Од страна на комуналните редари редовно се врши контрола во процес на заловување на кучиња и во период од 07,03,2023 до 27,06,2023 година записнички е констатирано заловување на 65 кучиња скитници согласно планот за заловување.Од страна на МВР СВР Куманово доставени се 30 известувања за напади од бездомни кучиња врз нашите сограѓани. Исто така извршени се контрола на ларвицидна дезинсекција (прв третман) на застоени води на територија на Општина Куманово, терестична адулдицидна дезинсекција против возрасни форми на комарци на територија на Општина Куманово со површина од 200 хектари (прв третман), третман против крлежи (прв третман во два работни дена) и дератизација на глодари во вкупно 1600 шахти (прв третман во три работни дена).

**3. Градежна инспекција**

Појдовна основа за вршење инспекциски надзор во оваа област е Законот за градење како и подзаконските акти донесени врз основа на овој закон.

Согласно горе наведените прописи, градежните инспектори од Секторот за инспекциски надзор, во изминатиот период, претежно вршеа вонредни инспекциски надзори по иницијативи за инспекциски надзор од правни и физички лица, како и по барање на други државни органи (МВР, ОЈО, ДП).

Градежните инспектори во рамките на своите овластувања и надлежности утврдени со законот, континуирано соработуваа со сите одделенија и сектори во Општина Куманово, а по потереба и органите на државно ниво.

| **Коефициент на сложеност за Градежна инспекција** | |
|---|---|
| Q1 | 1,1 Записник за извршен инспекциски надзор – без прекршок (наод) |
| Q2 | 2.1. Записник за инспекциски надзор со наод (прекршок) и изрекување на Опомена<br>2.2. Контролен записник по изрекување на опомена, без наод |
| Q3 | 3.1 Записник/контролен записник за инспекциски надзор со наод (прекршок) и изрекување на решение со задолжување<br>3.2 Записник/контролен записник со утврден наод и спроведување на постапка за порамнување, по која субјектот на надзорот ја платил глобата |

| | |
|---|---|
| Q4 | 4.1.Записник/контролен записник со утврден наод и спроведување напостапка за порамнување, по која субјектот на надзорот не ја платил глобата, следува Барање за поведување прекршочна постапка пред прекршочен орган во или надлежен суд,<br>4.2. По донесување на решение, жалба до Државна комисија во втор степен за инспекциски надзор и прекршочна постапка, одговор на жалба и други акти понатаму<br>4.3.1. Жалба по пресуда од надлежен суд и одговор на жалба, како и други акти понатаму.<br>4.3.2. Записник/контролен записник на Одобренијата за градење кое ги донесува Одделение за урбанизам.<br>4.3.3. Записник/контролен записник со решение за прекин на градбата(предлог за одземање на лиценца,овластувања) |
| Q5 | 5.1.1. Записник за извршен инспекциски надзор со наод по кој следува Решение со задолжување и донесување на Заклучок со дозвола за извршување.<br>5.1.2. По предходното може да следи и жалба/тужба на решение/пресуда, одговор на жалба/тужба и други акти кои следуваат<br>5.2.1. Записник за извршен инспекциски надзор со наод (прекршок) по кој следи Решение со задолжување и донесување на Заклучок со дозвола за извршување по кој следи предлог до Градоначалник за административно извршување.<br>5.2.2. По предходното може да следи и жалба/тужба на решение/пресуда, одговор на жалба/тужба и други акти кои следуваат<br>5.3. Административно извршување со асистенција на полиција. |

Табела 3.3. Преглед на вкупен број на откриени неправилности и спроведени инспекциски надзори според вид

| Реден бр. | Општина Куманово 3 извршитела | Вид на надзор | | | Вкупно надзори | Вкупно неправилности (решенија) |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Редовен надзор | Вонреден надзор | Контролен надзор | | |
| 1 | Градежен инспектор | 2 | 140 | 31 | 173 | 79 |

Од страна на субјектите на надзорот поведени се 18 жалбени постапки и истите испратени до Државна комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекциски надзор и прекршочна постапка. Од страна на градежната инспекција покренати се 9 прекршочни постапки. Во овој период се отстранети 14 објекти.

Согласно Правилникот за систематизација на работни места на општинската за администрација во Општина Куманово, предвидени се 5 извршители – овластени градежни инспектори. Во моментот во Општина Куманово работат 4 овластени градежни инспектори. Анализирајќи го бројот на пристигнати Иницијативи за вршење на инспекциски надзор за градежна инспекција во изминатиот период од неколку години наназад, како и бројот на: одобренија за градење, за реконструкција, Решенија од Градоначалник за градби за кои не е потребно одобрение, Дозволи за поставување на урбана опрема, понатаму голем број на жалби по донесено Решение и Заклучок за дозвола за извршување, Одлуки на второстепен орган или Управен суд за поништување на првостепено Решение или Заклучок за дозвола за извршување и враќање на постапката на повторно одлучување, констатирано е дека има премногу обврски за 4 извршитела – овластени градежни инспектори. Од сето ова

произлегува дека овластените градежни инспектори треба да вршат континуирано редовен инспекциски надзор над одобренијата и решенијата издадени од надлежен орган на Општина Куманово, потоа вонреден надзор по иницијативи за инспекциски надзор (кои се во многу голем број), како и контролни надзори по издадени решенија од негова страна и започнување на повторни инспекциски постапки по поништување на решенијата од повисоки органи, врз основа на жалбена постапка. Поради сето ова на мислење сме дека треба да има промена на систематизацијата и вработување на правник во Сектор за инспекциски надзор кој би помагал во донесување на актите и би ги водел жалбените и прекршочните постапки како и доставување на акти до ОЈО за поведување на кривични постапки.

## 4. Инспекција за животна средина

Појдовна основа за вршење инспекциски надзор во оваа област е Законот за животна средина, Закон за управување со отпад, Закон за квалитет на амбиентниот воздух, Закон за заштита од бучава, Закон за пакување и отпад од пакување, Закон за електричен и електронски отпад, Закон за води како и подзаконските акти донесени врз основа на овие закони.

Инспекциски надзор во инспекција за животна средина година се врши од страна на еден извршител - Виш инспектор за животна средина кој обавува и работни задачи како Раководителот на одделение во Сектор за инспекциски надзор - Инспекторат. Согласно законот за инспекциски надзор овластениот инспектор за животна средина вршеше 30% редовен инспекциски надзор од предвидените редовни инспекциски надзори. Од месец Мај 2023 година со лиценца за вршење на инспекција во област на животна средина се стекнаа 2 извршитела, еден советник инспектор и еден помошник инспектор.

| **Коефициент на сложеност за Инспекција за животна средина** | |
|---|---|
| Q1 | 1.1 Записник за извршен инспекциски надзор – без прекршок (наод)<br>1.2 За овој коефициент на сложеност, времето за подготовка на инспекцискиот надзор е определено на 0,5 часа, а времето за подготовка на записник е 1 час. |
| Q2 | 2.1 Записник за извршен инспекциски надзор – без прекршок (наод)<br>2.2 За овие коефициенти на сложеност, времето за подготовка на инспекцискиот надзор е определено на 1 час, а времето за подготовка на записник е 1,5 час (земајќи во предвид дека во овие надзори се врши мониторинг на бучава од страна на акредитирана лабораторија и инспекторот треба да биде присутен при спроведување на постапката, за да ги утврди специфичните услови и разни состојби при вршење на мониторингот (присуство на комунална бучава, бучава од изворот и сл.).<br>2,3 Записник за Записник за инспекциски надзор со наод (прекршок) и изрекување на Опомена |

| | |
|---|---|
| Q3 | 3.1 Записник за извршен инспекциски надзор – без прекршок (наод) по Закон за животна средина (Елаборати за заштита на животната средина и друго).<br>3.2 За овие коефициенти на сложеност, времето за подготовка на инспекцискиот надзор е определено на 2 часа (време потребно да се анализираат условите и мерките пропишани во елаборатот за заштита на животната средина–доколку субјектот го поседува), а времето за подготовка на записник е 1 час.<br>3.3 Записник за извршен инспекциски надзор со наод (прекршок) и изрекување на Решение со наредба/задолжување |
| Q4=4 | 4.1 Записник за извршен инспекциски надзор – без прекршок (наод)<br>4.2 За овие коефициенти на сложеност, времето за подготовка на инспекцискиот надзор е определено на 2 часа (земајќи во предвид дека во овие надзори се врши мониторинг на емисии на различни загадувачки материи во воздухот, од страна на акредитирана лабораторија и инспекторот во принцип треба да биде присутен при спроведување на постапката, за да ги утврди специфичните услови и разни состојби при вршење на мониторингот-оперативност на инсталацијата, оптеретување на постројката, метеоролошки услови, пропишани гранични вредности во дозволата и елаборатите и сл.), а времето за подготовка на записник е 1-1,5 час.<br>4.3 Записник за извршен инспекциски надзор со наод (прекршок) и спроведување на постапки за порамнување |
| Q5 | 5.1 Записник за извршен инспекциски надзор – без прекршок (наод) по Закон за животна средина (интегрирани еколошки дозволи) и Законот за водите.<br>5.2 За овие коефициенти на сложеност, времето за подготовка на инспекцискиот надзор е определено на 4 часа (заради обемноста на дозволите, поединечна проверка на условите, односно интегрираниот надзор над инсталацијата), а времето за подготовка на записник е 2 часа.<br>5.3 Записник за извршен инспекциски надзор со наод (прекршок), следи предлог за спогодување или предлог за прекршочна/кривична пријава, како и жалбена постапка по издадено решение |

Табела 3.3. Преглед на вкупен број на откриени неправилности и спроведени инспекциски надзори според вид

| Реден бр. | Општина Куманово 1 извршител | Вид на надзор | | | Вкупно надзори | Вкупно неправилности |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Редовен надзор | Вонреден надзор | Контролен надзор | | |
| 1 | Овластен инспектор за животна средина | 17 | 29 | 6 | 52 | 12 |

. Од констатираните неправилности на еден правен субјект е покрената прекршочна постапка, а на останатите им е наложено да ги отстранат неправилностите констатирани во записникот за констатација. Исто така согласно Закон за управување со отпад имаше извршување – отстранување на депониран отпад од дворно место во приватна сопственост.

## 5. Инспекција за домување

Појдовна основа за вршење инспекциски надзор во оваа област е Законот за домување, како и подзаконските акти донесени врз основа на овој закон.

| Коефициент на сложеност за Инспекција за домување | |
|---|---|
| Q1 | 1,1 Записник за извршен инспекциски надзор – без прекршок (наод) |
| Q2 | 2.1. Записник за инспекциски надзор со наод (прекршок) и изрекување на Опомена<br>2,2 Контролен записник по изрекување на опомена, без наод |
| Q3 | 3.1 Записник/контролен записник за инспекциски надзор со наод (прекршок) и изрекување на решение со задолжување<br>3.2 Записник/контролен записник со утврден наод и спроведување на постапка за порамнување, по која субјектот на надзорот ја платил глобата |
| Q4 | 4.1. Записник/контролен записник со утврден наод и спроведување на постапка за порамнување, по која субјектот на станбениот управител и заедница на сопственици не ја платил глобата, следува Барање за поведување прекршочна постапка пред прекршочен орган во МТВ или надлежен суд,<br>4.2. По донесување на решение, жалба до Државна комисија во втор степен за инспекциски надзор и прекршочна постапка, одговор на жалба и други акти понатаму<br>4.3. Жалба по пресуда од надлежен суд и одговор на жалба, како и други акти понатаму |
| Q5 | 5.1.1. Записник за извршен инспекциски надзор со наод (прекршок) по кој следи решение за СУ или ЗС за спроведување на постапка за порамнување, доколку не плати глоба следува Барање за поведување прекршочна постапка до прекршочна комисија или надлежен суд, решение за трошоци во постапката<br>5.1.2. По предходното може да следи и жалба/тужба на решение/пресуда, одговор на жалба/тужба и други акти кои следуваат<br>5.2.1. Записник за извршен инспекциски надзор со наод (прекршок) по кој следи предлог до Регулаторна комисија за домување за одземање на лиценца за управување со станбени згради, спроведување на постапка за порамнување, доколку не плати глоба следува Барање за поведување прекршочна постапка до прекршочна комисија или надлежен суд<br>5.2.2. По предходното може да следи и жалба/тужба на |

| | |
|---|---|
| | решение/пресуда, одговор на жалба/тужба и други акти кои следуваат |

Табела 3.3. Преглед на вкупен број на откриени неправилности и спроведени инспекциски надзори според вид

| Реден бр. | Општина Куманово 1 извршител | Вид на надзор | | | Вкупно надзори | Вкупно неправилности |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Редовен надзор | Вонреден надзор | Контролен надзор | | |
| 1 | Општински инспектор за домување | 18 | 10 | 1 | 29 | 6 |

На субјекти на надзор кај кои се евидентирани неправилности е извршена едукација на странка на кои им се објаснети правата,должностите согласно Законот за домување како и почитување на куќниот ред и мир во колективните станбени објекти. Дел од пријавите на сопствениците на посебните делови се решени по пат на медијација помеѓу управителот и странките во постапката без покренување на инспекциска постапка. Исто така одреден број на пријави се решени во соработка со комуналните инспектори и редари на лице место, повторно без поведување на инспекциска постапка.

По поднесена писмена иницијатива до Регулаторна комисија за домување за одземање на лиценца за работа (несовесно работење) на еден управител на станбена зграда од Куманово му беше одземена лиценца за работа.

**6, Просветен инспектор**

Појдовна основа за вршење инспекциски надзор во оваа област е Законот за основно образование, Закон за средно образование како и подзаконските акти донесени врз основа на овие закони.

| Коефициент на сложеност за Просветен инспектор | |
|---|---|
| Q1 | 1,1 Записник за извршен инспекциски надзор – без прекршок (наод) |
| Q2 | 2.1. Записник за инспекциски надзор со наод (прекршок) и изрекување на Опомена<br>2,2 Контролен записник по изрекување на опомена, без наод |
| Q3 | 3.1 Записник/контролен записник за инспекциски надзор со наод (прекршок) и изрекување на решение со задолжување<br>3.2 Записник/контролен записник со утврден наод и спроведување на постапка за порамнување, по која субјектот на надзорот ја платил глобата |
| Q4 | 4.1. Записник/контролен записник со утврден наод и спроведување на постапка за порамнување, по која субјектот на станбениот управител и заедница на сопственици не ја платил глобата, следува Барање за поведување прекршочна постапка пред прекршочен орган во ДПИ или надлежен суд,<br>4.2. По донесување на решение, жалба до Државна комисија во втор степен за инспекциски надзор и прекршочна постапка, одговор на жалба и други акти понатаму |

| | |
|---|---|
| | 4.3. Жалба по пресуда од надлежен суд и одговор на жалба, како и други акти понатаму |
| Q5 | 5.1.1. Записник за извршен инспекциски надзор со наод (прекршок) по кој следи решение за спроведување на постапка за порамнување, доколку не се плати глоба следува Барање за поведување прекршочна постапка до прекршочна комисија или надлежен суд,<br>5.1.2. По предходното може да следи и жалба/тужба на решение/пресуда, одговор на жалба/тужба и други акти кои следуваат<br>5.2.1. Записник за извршен инспекциски надзор со наод (прекршок) по кој следи спроведување на постапка за порамнување, доколку не плати глоба следува Барање за поведување прекршочна постапка до прекршочна комисија или надлежен суд<br>5.2.2. По предходното може да следи и жалба/тужба на решение/пресуда, одговор на жалба/тужба и други акти кои следуваат |

Табела 3.3. Преглед на вкупен број на откриени неправилности и спроведени инспекциски надзори според вид

| Реден бр. | Општина Куманово 1 извршител | Вид на надзор | | | Вкупно надзори | Вкупно неправилности |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Редовен надзор | Вонреден надзор | Контролен надзор | | |
| 1 | Просветен инспектор | 14 | 6 | 1 | 21 | 1 |

. На субјектите на надзорот кај кои беше утврдена неправилност им беше донесено решение со опомена со одреден рок на отстранување на констатираната неправилност. Во овој период беа изречени 6 глоби за сторен прекршок спротивно на законската регулатива од оваа област.

### 7, Инспекција за угостителско туристичка дејност

Појдовна основа за вршење инспекциски надзор во оваа област е Законот за основно образование, Закон за средно образование како и подзаконските акти донесени врз основа на овие закони.

| Коефициент на сложеност за Просветен инспектор | |
|---|---|
| Q1 | 1,1 Записник за извршен инспекциски надзор – без прекршок (наод) |
| Q2 | 2.1. Записник за инспекциски надзор со наод (прекршок) и изрекување на Опомена<br>2,2 Контролен записник по изрекување на опомена, без наод |
| Q3 | 3.1 Записник/контролен записник за инспекциски надзор со наод (прекршок) и изрекување на решение со задолжување<br>3.2 Записник/контролен записник со утврден наод и спроведување на постапка за порамнување, по која субјектот на надзорот ја платил глобата |
| Q4 | 4.1. Записник/контролен записник со утврден наод и спроведување на постапка за порамнување, по која субјектот на станбениот управител и заедница на сопственици не ја платил глобата, следува Барање за |

| | |
|---|---|
| | поведување прекршочна постапка пред прекршочен орган во ДПИ или надлежен суд,<br>4.2. По донесување на решение, жалба до Државна комисија во втор степен за инспекциски надзор и прекршочна постапка, одговор на жалба и други акти понатаму<br>4.3. Жалба по пресуда од надлежен суд и одговор на жалба, како и други акти понатаму |
| Q5 | 5,1 Жалба по пресуда на надлежен суд и други акти;<br>5,2 Донесување на акти за забрана за вршење дејност; |

Табела 3.3. Преглед на вкупен број на откриени неправилности и спроведени инспекциски надзори според вид

| Реден бр. | Општина Куманово 1 извршител | Вид на надзор | | | Вкупно надзори | Вкупно неправилности |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Редовен надзор | Вонреден надзор | Контролен надзор | | |
| 1 | Овластен инспектор за туристичка и угостителска дејност | 31 | 12 | 2 | 45 | 2 |

При вршење на инспекциски надзор за евидентираните неправилности изречени се опомени со решение за утврдени неправилности.

## ОБУКА НА ИНСПЕКТОРИТЕ И АДМИНИСТРАТИВНИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ

Во овој период не се реализирани обуки за општински инспектори.

## БУЏЕТ И ФИНАНСИРАЊЕ

За спроведување Планот за работа на Сектор за инспекциски надзор - Инспекторат потребните финансиски средства беа обезбедени од Буџетот на Општина Куманово за 2023 година.

## МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

Во изминатиот период Секторот за инспекциски надзор - Инспекторат во Општина Куманово нема реализирано меѓународна соработка.

## МЕЃУОПШТИНСКА СОРАБОТКА

Во изминатиот период Секторот за инспекциски надзор - Инспекторат во Општина Куманово согласно одлуката од страна на Советот на Општина Куманово и согласно Законот за меѓуопштинска соработка има остварено меѓуопштинска соработка со Општина Старо Нагоричане за давање на услуги од страна на овластени градежни инспектори, инспектор за животна средина, инспектор за патен сообраќај и инспектор за патишта. Од причини што Општина Куманово нема Општински инспектор за патишта овој дел од договорот не може да се реализира.

## ДРУГИ АКТИВНОСТИ НА ИНСПЕКЦИСКАТА СЛУЖБА

Инспекциската евиденција продолжи и понатаму да се води електронски согласно Правилникот за формата, содржината и начинот на водење на посебна евиденција за податоците што се однесуваат на инспекциската постапка („Службен весник на РСМ" бр.21/2020),

Во изминатиот период граѓаните на Општина Куманово можеа да покренат иницијатива за поведување на инспекциска постапка on line преку официјалната web страна на Општина Куманово. Исто така од страна на Секторот за инспекциски надзор е изработено Барање за странки - двојазично, кое секој граѓанин кој сакаше да пријави одредена неправилност истото барање можеше да го добие во нашите канцеларии или на портирница и така пополнето да го достави до архива за понатамошна постапка. Сите барање кои се добиени на званичната мејл адреса беа правовремено процесуирани.

Во изминатиот период овластените инспектори имаа добра континуирана соработка со МВР СВР Куманово, Државните инспекторати, Инспекцискиот совет и ЗЕЛС.

## ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ

Во изминатиот период Јануари - Јуни од страна на вработените во Секторот за инспекциски надзор сите предмети беа процесуирани и во согласност со законските прописи донесени соодветни акти.

Потребно е да се најде начин каде да се врши продажба на земјоделски производи со поголем габарит или т.н место за топ тан продажба.

Сите области од инспекцискиот надзор треба да бидат покриени со инспектори со звање советник за да можат во целост да ја спроведуваат инспекциската постапка согласно коефициентите на сложеност дадени во Законото за инспекциски надзор. Остана непокриена област од патен сообраќај со инспектор за патен сообраќај.

Од 4 општински градежни инспектори – 3 опшински градежни инспектори имаат уште 4 години до заминување во пензија. Имајќи го во предвид фактот дека за стекнување со искуство на градежен испектор се потребни повеќе од година и две и за да можат инспекторите кои се во работен однос навремено да го предадат своето знаење и искуство на други колеги градежни инспектори, треба да се размислува за што поскоро вработување на помлади инспектори.

Во Секторот за инспекциски надзор постои дисбаланс во број на инспектори распределени во одделенија. Во одделение за инспекциски надзор во урбанистичко градежна и комунална дејност, животна средина и природата се вработени 21 општински инспектори и 2 кандидати за инспектори, а во одделение за даночна инспекција, инспекциски надзор во јавните дејности и друг надзор од надлежност на општината се вработени 2 општински инспектори. Потребно е да се направи функционална анализа на Секторот и да се измени систематизацијата за да се подобри функционалноста во спроведување на инспекциски надзори. Ова беше нотирано и во внатрешниот ревизиски извештај спроведен од страна на одделение за ревизија во општина Куманово.

Бидејќи овој Сектор е покриен само со еден раководител на одделение од исти причини е потребно во најкус можен рок да се пополнат целосно или делумно раководните места во Секторот.

Согласно член 56, 57 и 58 од Законот за инспекциски надзор се воведува учинок на инспекторот врз основа на кој се врши и оценување на инспекторите. Учинокот односно оценувањето на инспекторите се состои од 3 компоненти и тоа: реализација на годишниот план за работа, други цели и задачи и реализација на годишниот план за стручно усовршување и обука.

Во изминатиот период овластените инспектори наидоа на голем проблем при вршењето на инспекцискиот надзор поради неусогласеност на материјалните закони по кои се овластени

да вршат инспекциски надзор и да изрекуваат инспекциски мерки и Законот за инспекциски надзор и Законот за прекршоците. Ова се однесува на: висината на глобите предвидени во материјалните закони кои во повеќето случаи не се во согласност со глобите во Законот за прекршоците.

Исто така не е до крај разјаснето за постапување по член 131 од ЗОУП. Во став (1) стои дека „Ако извршеникот не ја исполни својата обврска во рок утврден во управниот акт или ја прекрши забраната што му е наложена со управниот акт, **надлежниот јавен орган** издава налог на извршување како документ во хартиена форма што треба да се достави„. Во други општини налогот го потпишува Градоначалникот.

Сметаме дека воспоставување на меѓуопштинска соработка во делот на инспекциски надзор е не соодветна. Сите инспектори имаат лиценца за вршење на инспекциски надзор за своите општини. Не е дефинирано на потпис на инспектор на управниот акт кој печат да се става – од која општина. По завршување на инспекциска постапка не е дефинирано каде да стојат предметите. Кај градежната инспекција во најголем дел на предметите, процесот на завршување на предмети не може да запре во овој период на меѓуопштинска соработка.

Од тие причини препорачуваме да не се продолжува со договори за меѓуопштинска соработка од областа на инспекциски надзор.